Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016) и врз основа на член 5 став 2 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.140/2014),постапувајќи по барањето на "ТРИАНГЛ ЗИН" ДОО Скопје, за продолжување на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 30-05-2018 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

## ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

## НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На "ТРИАНГЛ ЗИН" ДОО Скопје, му се продолжува лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За продолжување на лиценцата од став 1, фирмата "ТРИАНГЛ ЗИН" ДОО Скопје, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009 , бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012 бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

## Образложение

“ТРИАНГЛ ЗИН” ДОО Скопје, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање бр.Уп 08-6/1 од 30.05.2018 год. за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација во Централниот регистар на РМ
- Доказ за четири вработени лица (М1 и М2 образец за еден дипломиран економист и три лица со средно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците

Поднесеното барање со приложената потребната документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека “ТРИАНГЛ ЗИН” ДОО Скопје, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009,бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016).

На ден 30.05.2018г.Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на “ТРИАНГЛ ЗИН” ДОО Скопје. Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.Уп 08-6

Од 30.05.2018год.

Скопје

Претседател на

Регулаторна комисија за домување

Д-р Ракип Малоски